РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Бр. 01-4803/1
27.07.2015 год.
СКОПЈЕ

# АНАЛИЗА НА СИТЕ ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ОД СТРАНА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПРОТИВ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ, ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ И ОПЕРАТОРИТЕ НА ЈАВНА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА И НАЈЧЕСТИ ПРЕКРШУВАЊА ОД СТРАНА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ, ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ И ОПЕРАТОРИТЕ НА ЈАВНА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА

**во периодот од 1-ви јануари до 30-ти јуни 2015 година**

Еден од сегментите во општата рамка е Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, која како регулаторното тело за медиуми на Република Македонија што го следи почитувањето на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Законот за медиуми, меѓу останатите свои надлежности е преземање на мерки во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во случаите кога е извршена повреда на одредбите од овој Закон или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите (член 6 став 1 алинеја 4 од ЗААВМУ).

Мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги изрекува против издавачот на медиум, давателот на аудиовизуелни услуги по барање или операторот на јавни електронски комуникациски мрежи кој врши реемитување на програмски сервис, доколку се констатира непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, се утврдени во член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно кој директорот на Агенцијата може да ги преземе следниве мерки:

- да донесе решение со кое ќе го опомене;
- да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка во случај кога и покрај донесеното решение за опомена продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменет, во текот на годината;
- да достави предлог до Советот за одземање на дозволата или
- да донесе решение за бришење од регистарот согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Погоре наведените преземени мерки согласно Законот со детално образложение, Агенцијата ги објавува на својата веб страница во рок од три дена од преземената мерка.

Од друга страна пак, согласно член 27 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело врши исклучиво административен надзор над исполнувањето на обврските утврдени во членовите 6, 7, 12 и 13 од Законот за медиуми, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Мерките кои Агенцијата може да ги преземе, а кои се утврдени во член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреди на одредбите од Законот за медиуми.

Во прviот квартал од 2015 година, во функција на операционализација на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми, меѓудругите акти беше донесено и Упатство за определување на рокот за

постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година. Во ова упатство конкретно се определуваат роковите во кои издавачот на медиум, давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторот на јавна електронска комуникациска мрежа се должни да го извршат решението за изрекување мерка опомена и за исклучување на реемитувањето на програмскиот сервис, издадено од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

За сите прекршувања на законските одредби констатирани при спроведените редовни, контролни и вонредни програмски или административни надзори, согласно законските овластувања во периодот предмет на оваа анализа Агенцијата презеде вкупно 155 (сто педесет и пет) мерки и тоа: 140 (сто и четириесет) опомени (од нив 68 (шеесет и осум) за радиодифузерите, 13 (тринаесет) за издавачите на печатени медиуми и 59 (педесет и девет) за операторите на јавни електронски комуникациски мрежи); 9 (девет) барања за поведување на прекршочна постапка (3 (три) за радиодифузерите и 6 (шест) за операторите на јавна електронска комуникациска мрежа); 2 (две) одлуки за одземање на дозволата за телевизиско емитување и четири решенија за бришење од регистарот на радиодифузери.




*Слика бр.1, Графички приказ на структурата на изречените мерки од страна на Агенцијата во периодот од 01.01 до 30.06.2015 година*

**Решение за преземање мерка – опомена**

Од вкупно 155 (сто педесет и пет) мерки кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги им ги изрече на издавачите на медиуми и на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа во периодот од 1-ви јануари до 30 јуни 2015 година, најголемиот број односно 140 (сто и четириесет) се решенија за преземање мерка – опомена. Опомените беа преземени поради констатирани непочитувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Прегледот на преземени мерки – опомени со податоци за радиодифузерот, издавачите на печатените медиуми и за операторите на јавна електронска комуникациска мрежа на кои им е изречена опомената, Уп 1 број и датум на решението за преземање мерка – опомена, одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и Правилникот за заштита на малолетните лица кои се прекршени, опис на прекршокот е даден како Прилог бр.1 и Прилог бр.2, кон оваа анализа.




*Слика бр.2, Графички приказ на структурата на изречени опомени по законскиот пропис чии одредби биле повредени од страна на Агенцијата во периодот од 01.01 до 30.06.2015 година*

### *III.1.1 Решение за преземање мерка – опомена кон радиодифузерите заради констатирани повреди на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*

Решенијата за преземање мерка – опомена се изречени заради констатирани повреди на одредбите од:

- Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Законот за медиуми и
- Правилникот за заштита на малолетните лица.

Најчести повреди за кои се изречени опомени во анализираниот период, се повредите на член 92 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (неисполнување на обврски на радиодифузерите за емитување музика и за програми изворно создадени на македонски јазик или на јазиците на заедниците во Република Македонија), за која одредба беа изречени вкупно 26 (дваесет и шест) опомени и тоа:

- 22 (дваесет и две) опомени поради неисполнување на обврската во 2015 година за емитување најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик односно на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија од која половина во периодот од 07:00 до 19:00 часот (член 92 став 1 и 14 од ЗАВМУ);

- 2 (две) опомени поради неисполнување на обврската дневно да емитуваат најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на јазиците на немнозинските заедници, од која половина во периодот од 7.00 до 19.00 часот (член 92 став 2 и 14 од ЗАВМУ);

- 1 (една) опомена заради неисполнување на обврската за обезбедување најмалку 50% од емитуваната музика во текот на денот да биде вокална/вокално-инструментална музика на македонски јазик и/или инструментална музика изворно создадена во Република Македонија (член 92 став 5 од ЗАВМУ) и

- 1 (една) опомена поради необезбедување соодветна процентуална застапеност на народната и забавната музика во периодот од 07:00 до 19:00 часот (член 92 став 6 од ЗАВМУ).

Како честа повреда за која се изречени опомени од страна на Агенцијата беа оние повреди на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетната публика. Во предметниот период

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презеде 13 (тринаесет) опомени за констатирани повреди на одредбите од наведениот Правилник. Имено, во врска со непочитување на правилата за заштита на малолетната публика – временски период на емитување на категоризација на програма – член 16 и член 17 од Правилникот за заштита на малолетната публика, изречени биле 8 (осум) опомени. Поради емитување програма во која не е аплицирана предупредувачка сигнализација и емитување објави за програма без нивно обележување со визуелниот знак што ја означува категоријата програма и во несоодветни временски периоди од денонокието – член 19 и 22 од Правилникот за заштита на малолетната публика, преземени се 5 (пет) опомени.

Поради необезбедување на информации достапни за корисниците (член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги), во анализираниот период, беа изречени 8 (осум) опомени.

На радиодифузерите кои не ги почитуваа правилата за употреба на јазикот согласно член 64 став 1 и став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата констатираше вкупно 6 (шест) повреди.

Поради непочитување на правилата за пласирање на производи, согласно член 55 став 5 и став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во 3 (три) констатирани случаи Агенцијата им изрече опомени на радиодифузерите кои не ја почитуваа оваа законска обврска.

Во 2 (два) наврати беше констатирано дека при квизови на гледачите на аудиовизуелната програма, радиодифузерите не им обезбедиле недвосмислено објавување на правилата за тие содржини и за јавно ветената награда (член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги), при што беа изречени две опомени.

Решенија за преземање мерка – опомена се изречени и за 2 (две) прекршувања на член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради емитување рекламирање и телешопинг во програми за деца чие времетраење е еднакво или пократко од 30 минути.

Во врска со повредата на член 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - емитување спонзорирани спортски и бизнис вести, исто така беше изречено 1 (едно) решение за преземање мерка – опомена.

Заради неемитување на знакот за идентификација на радиодифузерот најмалку еднаш во текот на еден реален час на радио програма (член 97 став 2 од ЗАВМУ), Агенцијата изрече 1 (едно) решение за изрекување мерка опомена.

1 (една) опомена беше изречена поради тоа што рекламирањето и телешопингот не беа јасно препознатливи и одвоени од другите делови на програмата (член 98 став 1 од Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

Решение за изрекување мерка – опомена Агенцијата изрече и поради не почитување на правилата за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации – телешопинг прозорците мораат да бидат јасно означени и да имаат непрекинато времетраење од 15 минути (член 99 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

Заради непочитување на правилата за начинот на рекламирање и телешопинг - кинематографско дело било прекинато со четири рекламни блокови иако имало предвидено времетраење од околу 90 минути (член 99 став 9 од ЗАВМУ), Агенцијата изрече 1 (една) опомена.

Во врска со повредата на член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – непочитување на правилата за начинот на рекламирање и телешопинг - надминување на лимитот за рекламирање, исто така беше изречена една опомена.

Една опомена Агенцијата изрече и против еден радиодифузер заради констатирана повреда на член 13 став 3 од Законот за медиуми, која се состои во неисполнување на обврската за објавување на податоци и доставување на снимка до Агенцијата.

1 (една) опомена, кон радиодифузер, кај кого било констатирано повреда на член 12 од Законот за медиуми, а се состои во необјавување на податоци што радиодифузерот бил должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

***III.1.2. Решение за преземање мерка – опомена кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа заради констатирани повреди на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги***

Во анализираниот период, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе вкупно 59 (педесет и девет) решенија за преземање мерка – опомена кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, кај кои беа констатирани прекршувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Од нив, 56 (педесет и шест) решенија беа за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси, а им беа изречени на операторите за кои беа констатирани прекршувања на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата) и 3 (три) опомени на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа кај кои беа констатирани прекршувања на член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (при реемитување на програмски сервиси кои се титлувани на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, не било обезбедено титлување на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија).

***III.1.3. Решение за преземање мерка – опомена кон издавачите на печатени медиуми заради констатирани повреди на одредбите од Законот за медиуми***

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во периодот од 1-ви јануари до 30 јуни 2015 година донесе 13 (тринаесет) решенија за преземање мерка – опомена, кон издавачите на печатени медиуми, сите изречени заради констатирана повреда на член 12 став 1 од Законот за медиуми, која се однесува на неисполнување на законската обврска согласно која издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (примерок од печатен медиум) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци.

**II.2 Поднесени барања за поведување на прекршочна постапка**

Агенцијата согласно член 23 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поднесува барања за поведување на прекршочна постапка во случај кога и покрај донесеното решение за опомена издавачот на медиум, давателот на аудиовизуелните услуги по барање или операторот на јавни електронски комуникациски мрежи, продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменет, во текот на тековната 2015 година.

Во анализираниот период, Агенцијата поднесе вкупно 9 (девет) барања за поведување на прекршочна постапка, од кои 6 (шест) прекршочни постапки против оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и 3 (три) прекршочни постапки против радиодифузери. Во прегледот даден како Прилог бр.3 кон оваа анализа,

дадени се податоци за: радиодифузерите и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа против кои е поднесено барање за поведување на прекршочна постапка, архивски број и датум на поднесеното барање за поведување на прекршочна постапка, одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои се прекршени и опис на прекршокот.

Прекршочните постапки во анализираниот период беа поведени заради сторени повреди на одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Најголемиот број на прекршочни постапки, Агенцијата поведе против оператори на јавна електронска комуникациска мрежа заради повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно заради реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата. За наведеното, во анализираниот период од страна на Агенцијата беа поведени 6 (шест) прекршочни постапки против 4 (четири) оператори на јавни електронски комуникациски мрежи.

Во однос на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите, во периодот предмет на оваа анализа беа поведени три вакви постапки. Една прекршочна постапка е поведена поради прекршување на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги односно поради непочитување на обврската за дневно емитување на најмалку 40% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик. Втората прекршочна постапка е поведена поради констатиран прекршок на член 92 ставови 8 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради неисполнување на обврската за произведување и емитување најмалку 30 часа домашна документарна односно домашна играна програма, во периодот од 7,00 до 23,00 часот, најдоцна до 25 ноември во текот на 2014 година. Третата прекршочна постапка е за констатиран прекршок на член 92 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на јавниот радиодифузен сервис односно не исполнување на обврската за емитување во 2015 година на најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија.




*Слика бр.3, Графички приказ на структурата на прекршочни постапки поради прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на Агенцијата во периодот од 01.01 до 30.06.2015 година*

### III.3. Предлози до Советот за одземање на дозволата за телевизиско емитување

Во анализираниот период беа доставени 2 (два) предлози до Советот на Агенцијата за донесување одлуки за одземање на дозволата за телевизиско емитување, кои одлуки Советот на Агенцијата ги донесе согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено, на два радиодифузери кои емитуваат телевизиски програмски сервис на регионално ниво (Д1 – Црн Врв) им беа одземени дозволите поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради не плаќање на надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок.

Во прегледот даден како Прилог бр.4 кон оваа анализа, дадени се податоци за: радиодифузерот на кој му е одземена дозволата, Уп 1 број и датум на одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување, одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои се прекршени и опис на прекршокот.

### III.4. Решенија за бришење од регистарот на радиодифузери

Во анализираниот период, Директорот на Агенцијата донесе 4 (четири) решенија за бришење од регистарот на радиодифузери. Имено, два радиодифузер кои емитувале телевизиски програмски сервиси на регионално ниво (Д1 Црн Врв) беа избришани од регистарот на радиодифузери поради одземање на нивната дозвола заради не плаќање на годишниот надоместокот за телевизиско емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата. Додека пак, два радиодифузера кои емитуваа телевизиски програмски сервис на регионално ниво, на подрачјето Д5 – Пелистер, беа избришани од регистарот на радиодифузери поради промена на начинот на емитување на програмскиот сервис, за што од страна на Агенцијата им е доделена дозвола врз основа на претходно поднесено барање.

Во прегледот даден како Прилог бр.5 кон оваа анализа, дадени се податоци за: радиодифузерите за кои се донесени решенија за бришење од регистрите на радиодифузери, со број и датум на решенијата за бришење од регистарот на радиодифузери.

## IV. ОСВРТ НА СИТЕ КОНСТАТИРАНИ ПОВРЕДИ

### IV.1 *Повреди на членовите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и на Правилникот за заштита на малолетните лица, за кои се изречени мерките предмет на оваа анализа*

Во периодот од 1-ви јануари до 30-ти јуни 2015 година, радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, прекршија вкупно триесет и две одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и на Правилникот за заштита на малолетните лица.

Најчеста повреда во периодот од 1-ви јануари 2015 година до 30-ти јуни 2015 година, беше реемитувањето на програмски сервиси од страна на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во анализираниот период кон операторите за констатиран прекршок на погоренаведената одредба беа констатирани вкупно 62 (шеесет и две) вакви повреди.

Голем број беа и повредите на член 92 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги односно неисполнувањето на обврските на радиодифузерите за емитување музика и за програми изворно создадени на македонски јазик или на

јазиците на заедниците во Република Македонија. Во периодот од 1-ви јануари 2015 година до 30-ти јуни 2015 година беа констатирани вкупно 29 (дваесет и девет) вакви повреди.

Во анализираниот период во 18 (осумнаесет) наврати беа констатирани непочитувања на правилата за заштита на малолетната публика односно прекршувања на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на одредби од Правилникот за заштита на малолетната публика.

13 (тринаесет) повреди беа констатирани кај издавачите на печатени медиуми за неисполнување на обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми односно обврската на видно место за секој поединечен носител на содржина (примерок од печатен медиум) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци.

Во 8 (осум) наврати радиодифузерите не обезбедија информации достапни за корисниците, со што сторија повреда на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

7 (седум) повреди во анализираниот период беа сторени во врска со непочитување на правилата за употреба на јазикот односно неемитување на програмата на македонски јазик и кирилско писмо односно на јазикот и писмото на немнозинската заедница; необезбедување титл на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство при реемитување на програмски сервиси кои се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени и необезбедување превод на македонски јазик односно на јазикот на немнозинските заедници на програмите на странски јазици или делови од нив кои радиодифузерите ги емитуваат на своите програмски сервиси (член 64 став 1, став 2 и став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

Во извештајниот период беа констатирани 4 (четири) повреди на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно неисполнување на обврската за плаќање на надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок.

Три повреди беа констатирани во врска со правилата за пласирање на производи односно нејасно означување дека се работи за програма во која има пласирање на производи и во програмите кои содржат пласирање на производи - придавање претерана важност (истакнување или упатување на производот за кој станува збор) (член 55 став 5 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

Во два наврати беше констатирано дека при квизови на гледачите на аудиовизуелната програма радиодифузерите не им обезбедиле недвосмислено објавување на правилата за тие содржини и за јавно ветената награда (член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги),

Две повреди беа констатирани на начин што биле емитувани реклами и телешопинг во програми за деца чие времетраење е еднакво или пократко од 30 минути (член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

Како поретки повреди односно повреди кои беа констатирани по еднаш се следните повреди:

- емитување спонзорирани спортски и бизнис вести (член 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги),
- неемитување на знакот за идентификација на радиодифузерот најмалку еднаш во текот на еден реален час на радио програма (член 97 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги),
- рекламирањето и телешопингот не беа јасно препознатливи и одвоени од другите делови на програмата (член 98 став 1 од Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги)

- непочитување на правилата за начинот на рекламирање и телешопинг - кинематографско дело било прекинато со четири рекламни блокови иако имало предвидено времетраење од околу 90 минути (член 99 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги)
- непочитување на правилата за начинот на рекламирање и телешопинг - надминување на лимитот за рекламирање (член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги),
- неисполнување на обврската за објавување на податоци и доставување на снимка до Агенцијата (член 13 став 3 од Законот за медиуми) и
- необјавување на податоци што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис (член 12 од Законот за медиуми).

***V. Спроведување на изречените мерки – Решенија за изрекување мерка - опомена од страна на радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа***

По однос на тоа каква е состојбата во спроведувањето на изречените мерки – опомени, односно колку радиодифузерите и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа во периодот од 1-ви јануари до 30-ти јуни 2015-та година ги извршиле изречените мерки од страна на Агенцијата односно дали радиодифузерите, издавачите на печатените медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа го усогласиле своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и Правилникот за заштита на малолетните лица, податоците разработени во анализата, говорат за следната фактичка ситуација:

- *Изречени мерки решенија за изрекување мерка – опомена согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*

**Од вкупно 140** (сто и четириесет) **изречени** мерки – **опомени согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** согласно кој радиодифузерите и операторите на јавна електронска мрежа, требаше да го усогласат своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во зададените рокови утврдени во Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година, радиодифузерите и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, целосно и во рок постапија по 116 (сто и шеснаесет) решенија за преземање мерка - опомена, односно го усогласија своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услугу и Правилникот за заштита на малолетните лица, кај 13 (тринаесет) радиодифузери за кои се изречени вкупно 15 (петнаесет) решенија за преземање мерка – опомена, во тек е рокот за усогласување со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а 2 (два) радиодифузери и 4 (четири) оператори на јавна електронска комуникациска мрежа, не постапија по изречената мерка, односно не го усогласија во целост своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услугу. Против овие радиодифузери и оператори беа поднесени вкупно 9 (девет) барања за поведување на прекршочна постапка.




*Слика бр.4, Графички приказ на постапувањето на радиодифузерите по изречените мерки – опомени согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во периодот од 01.01. до 30.06.2015 година*

- *Изречени мерки решенија за изрекување мерка – опомена согласно Законот за медиуми*

Состојбата по однос **на извршувањето на изречените мерки – опомени согласно Законот за медиуми е** таква што на вкупно 7 (седум) издавачи на печатени медиуми и на 2 (два) радиодифузери им беа изречени 15 (петнаесет) мерки – опомени, согласно кои им беше даден рок – согласно роковите утврдени во Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година, да го усогласат своето работење со одредбите од Законот за медиуми. Сите издавачи на медиуми во дополнителниот рок го отстранија прекршувањето на законските одредби.

Кај поведените прекршочни постапки, фактичката состојбата е таква што од вкупно 9 (девет) поведени прекршочни постапки, сите постапки за порамнување завршија неуспешно поради што до надлежните судови, Агенцијата поднесе се 9 (девет) барања за поведување на прекршочна постапка.

## VI. ЗАКЛУЧОК

Прегледот на изречените мерки и најчестите прекршувања од страна на издавачите на медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, во првото полугодие од 2015 година покажува неколку работи:

- бројот на изречени мерки во периодот предмет на оваа анализа (155) е двоструко поголем во споредба со бројот на изречени мерки во претходното полугодие (1јули – 31 декември 2014 година), во кој период од страна на Агенцијата биле изречени вкупно 75 мерки,

- најчести повреди во анализираниот период се повредите сторени од страна на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа поради реемитување програмски сервиси спротивно на Законот, како и повредите сторени од радиодифузерите со неисполнувањето на обврските за емитување музика и за програми изворно создадени на македонски јазик или на јазиците на заедниците во Република Македонија.

- доколку се земе предвид соодносот на бројот на изречни мерки – опомени (140) во анализираниот период наспроти бројот на поведени прекршочни

постапки (9), (кои се поведуваат доколку субјектот покрај изречената опомена продолжува со вршење на повредата за која бил опоменет), може да се заклучи дека издавачите на медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа во голем број постапиле по изречените опомени од страна на Агенцијата и во зададениот рок го усогласиле своето работење со законските и подзаконските прописи.

Анализата ја одобри:

д-р Зоран Трајчевски, Директор

Прилози (5):

1. Решенија за преземање мерка – опомена од страна на АВМУ до радиодифузерите (трд и јавниот радиодифузен сервис) и издавачите на печатени медиуми,
2. Решенија за преземање мерка – опомена од страна на АВМУ кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа
3. Поднесени барања за поведување на прекршочни постапки по неуспешно спроведени постапки за порамнување за прекршувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од страна на АВМУ против операторите на јавна електронска комуникациска мрежа и радиодифузерите
4. Донесена одлуки за одземање на дозволата за телевизиско емитување од страна на АВМУ против радиодифузери (трд)
5. Донесени решенија за бришење од регистарот на радиодифузери.

Прилог бр.1

**РЕШЕНИЈА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА – ОПОМЕНА ОД СТРАНА НА АВМУ ДО РАДИОДИФУЗЕРИТЕ (ТРД И ЈАВНИОТ РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС) И ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ**

**81 (осумдесет и една) превземени мерки – опомени во периодот од 01.06.2015 година до 30.06.2015 година**

**КОНСТАТИРАНИ ПРЕКРШУВАЊА НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

| Ред. Бр. | Назив на радиодифузерот на кого му е доставено решението | Уп 1 број и датум на решението | Одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги / Законот за медиуми која е повредена | Опис на дејствието поради кое на радиодифузерот му е доставено решението од страна на Агенцијата |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје | 03-145 од 09.01.2015 | Член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Емитување реклами и телешопинг во програми за деца чие времетраење е еднакво или пократко од 30 минути |
| 2. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | 03-256 од 23.01.2015 | Член 50 став 3 од законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица | Несоодветно категоризирана програма и емитување во несоодветен временски период за категоријата програма |
| 3. | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | 03-367 од 09.02.2015 | Член 64 став 1 и член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Употреба на јазикот спротивно на член 64 од истиот Закон |
| 4. | Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје | 03-372 од 09.02.2015 | Член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Употреба на јазикот спротивно на член 64 од истиот Закон |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | 03-373 од 09.02.2015 | Член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Употреба на јазикот спротивно на член 64 од истиот Закон |
| 6. | Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, с.Арачиново, Арачиново | 03-370 од 09.02.2015 | Член 97 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Необезбедување на идентификација најмалку еднаш во текот на еден реален час на радио програмата |
| 7. | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | 03-379 од 11.02.2015 | Член 50 став 3 од законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица | Не почитување на правилата за заштита на малолетната публика |
| 8. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје | 03-382 од 12.02.2015 | Член 50 став 3 од законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица | Не почитување на правилата за заштита на малолетната публика |
| 9. | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје | 03-383 од 12.02.2015 | Член 50 став 3 од законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица | Не почитување на правилата за заштита на малолетната публика |
| 10. | Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје | 03-384 од 12.02.2015 | Член 50 став 3 од законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица | Не почитување на правилата за заштита на малолетната публика |
| 11. | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | 03-424 од 17.02.2015 | Член 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Не почитување на правилата за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации |
| 12. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје | 03-442 од 18.02.2015 | Член 99 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Не почитување на правилата за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации |
| 13. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | 03-448 од 19.02.2015 | Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | При квизови или различни облици на наградно учествување на гледачите на аудиовизуелната програма не обезбеди недвосмислено објавување на правилата за тие содржини и за јавно ветената награда |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14. | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје | 03-449 од 19.02.2015 | Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | При квизови или различни облици на наградно учествување на гледачите на аудиовизуелната програма не обезбеди недвосмислено објавување на правилата за тие содржини и за јавно ветената награда |
| 15. | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје | 03-450 од 19.02.2015 | Член 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Не почитување на правилата за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации |
| 16. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје | 03-456 од 19.02.2015 | Член 92 став 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската за емитување најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик од која половина во периодот од 7 до 19 часот |
| 17. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | 03-457 од 19.02.2015 | Член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската за емитување најмалку половина од законски утврдниот минимум (40%) изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик во периодот од 7 до 19 часот |
| 18. | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | 03-458 од 19.02.2015 | Член 92 став 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската да емитување најмалку 40% програма изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик |
| 19. | Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) | 03-473 од 23.02.2015 | Член 92 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската дневно да емитува најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик |
| 20. | Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје | 03-481 од 23.02.2015 | Член 92 став 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската да емитување најмалку 40% програма изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик и на албански јазик од која половина во периодот од 7 до 19 часот |
| 21. | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје | 03-482 од 23.02.2015 | Член 92 став 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската да емитување најмалку 40% програма изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик од која половина во периодот од 7 до 19 часот |
| 22. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | 03-505 од 27.02.2015 | Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица | Не почитување на правилата за заштита на малолетната публика |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје | 03-544 од 10.03.2015 | Член 92 став 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската да емитување најмалку 40% програма изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик од која половина во периодот од 7 до 19 часот |
| 24. | Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2) | 03-542 од 10.03.2015 | Член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската дневно да емитува најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на јазиците на немнозинските заедници, од која половина во периодот од 7 до 19 часот |
| 25. | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје | 03-543 од 10.03.2015 | Член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската за емитување најмалку половина од законски утврдниот минимум (40%) изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик во периодот од 7 до 19 часот |
| 26. | Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) | 03-549 од 11.03.2015 | Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица | Несоодветно категоризирана програма и емитување во несоодветен временски период за категоријата програма |
| 27. | Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2) | 03-550 од 11.03.2015 | Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 19 и член 22 од Правилникот за заштита на малолетните лица | Емитуваната програма не е означена со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица, а емитуваните промотивни најави за играната програма не се обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува |
| 28. | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје | 03-558 од 13.03.2015 | Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 22 од Правилникот за заштита на малолетните лица | Објавите за програмата со јасновидец се емитуваат без да бидат обележани со визуелниот знак што ја означува категоријата програма и во несоодветни временски периоди од денонокието, односно пред 22:00 часот. |
| 29. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје | 03-559 од 13.03.2015 | Член 50 став 3 од законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица | Не почитување на правилата за заштита на малолетната публика |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 30. | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје | 03-646 од 19.03.2015 | Член 55 ставови 5 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Непочитување на правилата за пласирање на производи |
| 31. | Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје | 03-645 од 19.03.2015 | Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица | Емитување играна програма која не е категоризирана и означена со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица |
| 32. | Трговско радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | 03-715 од 03.04.2015 | Член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Рекламирањето и телешопингот не се јасно препознатливи и одвоени од другите делови од програмата |
| 33. | Радиодифузно трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје | 03-716 од 03.04.2015 | Член 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Емитување спонзорирани спортски и бизнис вести |
| 34. | Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио – Прв програмски сервис (МРА 1) | 03-717 од 03.04.2015 | Член 92 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската за обезбедување најмалку 50% од емитуваната музика во текот на денот да биде вокална/вокално-инструментална музика на македонски јазик и/или инструментална музика изворно создадена во Република Македонија |
| 35. | Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип | 03-767 од 04.05.2015 | Член 92 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Необезбедување соодветна процентуална застапеност на народната и забавната музика во периодот од 07:00 до 19:00 |
| 36. | Трговско радиодифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај | 03-809 од 28.05.2015 | Член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Непочитување на правилата за употреба на јазикот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
